# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА ДОЦЕНТ ЗА НАСТАВНО- НАУЧНА ОБЛАСТ ДИЗАЈНИРАЊЕ НА ТЕКСТИЛ И ОБЛЕКА НА ТЕХНОЛОШКО-ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр. 2302-55/3 од 29.3.2017 година донесена на 59. редовна седница на Наставно-научниот совет на Технолошко-технички факултет, одржана на 29.3.2017 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област дизајнирање на текстил и облека и технологија на облека на Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во следниов состав:

- **м-р Ванѓа Димитријева-Кузманоска**, доцент за наставно-научната област дизајнирање на текстил и облека, вработена на Ликовна академија при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип – **претседател**;
- **м-р Јордан Ефремов**, доцент за наставно-научната област дизајнирање на текстил и облека, вработен на Ликовна академија при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип – **член**;
- **д-р Винета Сребренкоска**, вонреден професор за наставно-научната област текстилни и технички влакна и композитни материјали, вработена на Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип – **член**.

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневните весници: „Нова Македонија“, „Утрински весник“ и „Коха“ на 21.3.2017 год. година и во предвидениот рок се пријави кандидатката д-р Марија Ќертакова **-** доктор по ликовна уметност - мода.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Технолошко-технички факултет да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Д-р Марија Ќертакова е родена на 14.10.1985 година во Штип.

Дипломира во 2008 година на Националната ликовна академија во Софија, Р Бугарија, на Факултет за применета уметност, специјалност мода, со просечна оценка 9,88.

Магистрира во 2010 година на Национална ликовна академија во Софија, Р Бугарија, на Факултетот за применета уметност, специјалност мода на тема *„90-тите години: Модна куќа ’Chloe’“,* со просечна оценка 9,23.

Во 2015 год. докторира на Национална ликовна академија во Софија, Р Бугарија, на Факултет за применета уметност, специјалност мода, со просечна оценка 10 и се стекнува со научна степен доктор по ликовна уметност – Мода. Насловот на тезата на докторската дисертација е *„Концептуелни димензии на историскиот костим од XIX век и неговата импликација во современата мода“*.

Таа е волонтер на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип на Технолошко-технички факултет по предметите Модна илустрација и Техники на цртање, како и соработник за студентски прашања на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во насловен доцент по стручно-уметнички предмети***

1. Д-р Марија Ќертакова има завршено трет циклус студии од областа моден и текстилен дизајн.

2. Кандидатката има остварено просечен успех од 9,70 на прв, втор и трет циклус студии.
3. Објавени најмалку четири научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации:

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Кертакова, М. | Импликацията в модния костюм – проблеми и постижения. | Проблеми на приложните и изящните изкуства-Докторска конференция, Сборник доклади, НХА София | 10 |
| 2 | Кертакова, М. | Демонстрацията на висшата мода в ерата на постмодернизма. | Проблеми на приложните и изящните изкуства-Докторска конференция, Сборник доклади, НХА София | 10 |
| 3 | Кертакова, М. | Модата и кичът в нея като проблем на социологията на изкуството | International Art Research & Review, София | 5 |
| 4 | Кертакова, М. | Исторически очерк за дейността на Чарлз Фредерик Уърт и заслугите му за развитието на висшата мода | International Art Research & Review, София | 5 |
| 5 | Кертакова, М. | Популяризиране на идеите за рационализиране и еманципация на дамския костюм в модата на XIX век | International Art Research & Review, София | 5 |
| 6 | Кертакова, М. | Анализ на колекцията на John Galliano „Les Incroyables”-1984, Лондон | International Art Research & Review, София | 5 |

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

**Изложби и модни ревии**

1. Февруари 2005 – Национална ликовна академија-Софија во соработка со „Арт павиљон-слики-Софија”, организирана групна изложба на уметнички дела / слика, цртеж, графика/ на студенти од I година специјалност Мода-НЛА на тема „ВЛАДИМИР ДИМИТРОВ МАЈСТОРА - репродукции”. Учество со репродукција на сликата „МОМИЧЕ” (ДЕВОЈЧЕ), техника сув пастел на хартија, димензии 30/42. Отворање: 4 февруари 2005 г. Место: Младост 4 Бизнис парк Софија згр.10. (6 поени)
2. Март 2005 – Француски институт во Софија во соработка со Национална ликовна академија - Софија организирана групна изложба на модели на студенти од I година специјалност Мода-НЛА на тема „70 ГОДИНИ ЖИВОТ И ТВОРЕШТВО НА ХРИСТО ЈАВАШЕВ”. Учествуво со женска тоалета на тема „ОСТРОВ”. Отворање: 9 март 2005 г. Место: пл. „Петко Славејков” 3-Софија. (6 поени)
3. Април 2005 – Национална ликовна академија - Софија во соработка со Центар за култура и дебата „Црвената куќа” организирана групна изложба на студенти I година специјалност Мода-НЛА. Тема „БЕЛО”. Отворање: 15 април 2005 г. Место: Центар за култура и дебата „Црвената куќа”, ул. „Љубен Каравелов” 15-Софија. (6 поени)
4. Јуни 2006 – Национална ликовна академија-Софија, организирана групна изложба на модели од хартија на студенти II година специјалност Мода-НЛА на тема „ЈАС СУМ РАЗЛИЧЕН ОД ТЕБЕ”. Учество со модел со тема „АНГЕЛСКИ КРИЛЈА”. Отворање: 1 јуни 2006 г. Место: Галерија на НЛА „Шипка” 1-Софија. (6 поени)

5. Јануари 2007 – Национална ликовна академија-Софија и специјалност Мода, организирана групна ревија на студенти од III година на општа тема „Code Performance”. Учество со кадифено палто на тема „ОТПЕЧАТОК ОД ПРСТ”. Место: ноќен бар Chill Out-Софија. Време: 19 јануари 2007 г. (6 поени)
6. Јуни 2007 – Национална ликовна академија - Софија во соработка со Сојуз на бугарските уметници, годишна изложба на студенти III година од специјалност Мода на тема „Најдобри проекти од изминатата година“. Учество со проект по историја на костим на тема „ВИЗАНТИЈА”– кутија за накит, техника: мозаик од мониста и со сако на тема „ЗЕБРА”. Отворање: 20 јуни 2007 г. Место: Сојуз на бугарските уметници, Национален изложбен центар, ул. „Шипка” 6-Софија. (6 поени)
7. Мај 2008 – Културно-информативен центар на РМ во Софија и Национална ликовна академија - Софија, групна изложба на студенти од РМ коишто студираат на Национална ликовна академија на тема „ФОРМАЛНО РАЗЛИЧНИ”. Учество со тема „CODE” (КОД). Отворање: 20 мај 2008 г. Место: пред 1 студио на Бугарско национално радио. Изложбата ја отворија Доста Димовска (КИЦ на РМ во Софија), Светослав Кокалов (ректор на НЛА) и Борис Арнаудов (БНР). (6 поени)
8. Јуни 2008 – Национална ликовна академија-Софија и специјалност Мода, групна ревија на студенти од IV година на општа тема „Дијалог”. Учество со модели на тема „БУДИЛНИЦИТЕ НА СОВЕСТА ЅВОНАТ НЕУМОРНО”. Место: Трговски центар, ул. „Пиротска”-Софија. Време: јуни 2008 г. (6 поени)
9. Јуни 2008 – Национална ликовна академија-Софија во соработка со Сојуз на бугарските уметници организира годишна изложба на студенти IV година од специјалност Мода на тема „Најдобри проекти од изминатата година“. Учество со модни илустрации, палто на тема „БАРОК”, како и со современ костим инспириран од периодот ренесанса заедно со комплет модни додатоци за истиот (чанта, ѓердан и обетки). Отворање: јуни 2008 г. Место: Сојуз на бугарските уметници, Национален изложбен центар, ул. „Шипка” 6-Софија. (6 поени)
10. Декември 2009 – Национална ликовна академија-Софија и специјалност Мода, групна ревија на студенти-магистри од специјалност Мода-НЛА. Учество со тема „ВИКТОРИЈАНСКА ЕПОХА”. Време: 9 декември 2009 г. Место: НЛА-Галерија „Шипка” 1-Софија. (6 поени)
11. Јуни 2010 – Национална ликовна академија-Софија и специјалност Мода, изложба/инсталација на модели на дипломирани магистри од специјаност Мода-генерација 2010 г. Учество со тема „CHLOE”. Време: јуни 2010 г. Место: НЛА-„Дондуков” 56-Софија. (6 поени)

**Самостојни изложби и модни ревии**

1. Април 2006 – Самостојна ревија во НЛА на тема „WHITE IS THE NEW BLACK”. Време: 5.4.2006 г. Место: НЛА-Софија. (10 поени)

Во зимски семестар 2010 г. – учествува во дискусија-дебата workshop со професори и студенти од катедрата Мода, на тема „МОДАТА КАКО УМЕТНОСТ”. Учествувала како докторанд - прва година. Место: НЛА-„Дондуков” 56-Софија.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***
***Објавени научни и стручни трудови***

1. Кертакова, М. Импликацията в модния костюм – проблеми и постижения. // Проблеми на приложните и изящни изкуства, Докторска конференция – Сборник доклади, Национална Художествена Академия, София, 2012.

*Во оваа статија е направена експертиза за истражување на феноменот „импликација” во областа на модата – конкретно на женскиот, машкиот и детскиот костим. Предмет на истражување во трудот е процесот на емулација, преработка и имплементација на уметничката експертиза изразена во костимот од XIX век, во современата мода, со што се става акцент на проблемите и достигнувањата на импликацијата во современата мода.*

2. Кертакова, М. Демонстрацията на висшата мода в ерата на постмодернизма. // Проблеми на приложните и изящни изкуства, Докторска конференция – Сборник доклади, Национална Художествена Академия, София, 2013.

*Во трудот е анализирано едно од важните прашања - како да се демонстрираат достигнувањата на високата мода во условите на постмодернизам во дискурсот на „крајот на историјата” и отфрлање на големите историски наративи. Независно од промените во општеството, демонстрацијата на достигнувањата на високата мода е еден од цивилизациските маркери за манифестрање на неговата состојба.*

3. Кертакова, М. Модата и кичът в нея като проблем на социологията на изкуството. // International Art Research & Review, София, №2, 2015

*Модата во овој труд е анализирана како процес на социјално конструирање на границите помеѓу модната и немодна страна на социјалното пространство и соодветно помеѓу модните и немодни претставници на различните социјални класи, функционирање на модата, раководејќи се од особеностите на психологијата и поведението на различни социјални класи – оваа концепција се именува како „концепција на ефект на просмукување”.*

4. Кертакова, М. Исторически очерк за дейността на Чарлз Фредерик Уърт и заслугите му за развитието на висшата мода. // International Art Research & Review, София, №3, 2015

*Во овој труд се анализирани придонесот, креативноста и афирмацијата на Англичанецот Чарлс Фредерик Ворт (Charles Frederick Worth, 1825-1895) врз развојот на високата мода. Ворт е високоценет и денес од страна на сите кои се поврзани со создавањето на актуелната мода.*

5. Кертакова, М. Популяризиране на идеите за рационализиране и еманципация на дамския костюм в модата на XIX век. // International Art Research & Review, София, №4 2015

*Во трудот е истражуван векот на „haute couture”, кога за првпат се појавуваат идеи за мода во која жената не се поставува во зависност од материјалните средства, ниту пак од удобноста и практичноста при нивната употреба. Претставена е идејата за ослободување на жената од корсетот, кој ја „вкочанува” и враќање на природната линија на телото при проектирањето на еден нов „современ” женски костим.*

6. Кертакова, М. Анализ на колекцията на John Galliano „Les Incroyables”-1984, Лондон. // International Art Research & Review, София (во тек е неговото објавување).

*Во трудот е анализирана колекцијата на John Galliano што опфаќа концептуализација, која е сеопфатна и јасна, се потпира на позната и добро изучена историска база за која има детални податоци и може јасно да се референцираат и корелираат принципите, позајмувањата и добиените резултати.*

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на приложената документација, работната биографија, стручни и уметнички трудови и научноистражувачката работа, како и целокупната активност која е поврзана со научната област дизајнирање на текстил и облека, кандидатката д-р Марија Ќертакова ги исполнува сите законски услови за **избор во** наставно-научно звање доцент.

**Кандидатката** д-р Марија Ќертакова покажува голема способност во наставно-образовната, научноистражувачката, стручно-апликативната и организациско-развојната дејност, што се констатира од објавените научни трудови и учество на научни конференции, а кои во квантифицирана форма се прикажани во табелата која е составен дел на Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот.

Рецензентската комисијата со задоволство му препорачува на Наставно-научниот совет на Технолошко-технички факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип кандидатката **д-р Марија Ќертакова** да биде избрана во звањето доцент во наставно-научната област дизајнирање на текстил и облека.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**М-р Ванѓа Димитријева-Кузманоска, доцент, претседател, с.р.**
**М-р Јордан Ефремов, доцент, член, с.р.**
**Д-р Винета Сребренкоска, вон. проф., член, с.р.**

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДИРААТ ПРИ ИЗБОРОТ ВО ЗВАЊЕ ДОЦЕНТ НА КАНДИДАТКАТА Д-Р МАРИЈА ЌЕРТАКОВА

| **Ред. бр.** | **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ И СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ** | **Поени** | |
|---|---|---|---|
| | | **во земјава** | **во странство** |
| 10 | Одбранета докторска дисертација | - | 8 |
| 11 | Одбранет магистерски труд | - | 4 |
| 24 | Самостојно ликовно претставување (ликовна изложба) | - | 1x10 = 10 |
| 25 | Учество во ликовна колонија/симпозиум со ликовно дело | - | 11x6 = 66 |
| | ВКУПНО | **88** | |

| **Ред. бр.** | **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ОРГАНИЗАЦИСКО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ** | **Поени** | |
|---|---|---|---|
| | | **во земјата** | **во странство** |
| 5 | Труд во стручно (научно-популарно) списание (Четирите статии објавени во меѓународното научно списание International Art Research & Review, София ) | - | 4x6 = 24 |
| 6 | Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир | - | 2x3=6 |
| | ВКУПНО | **30** | |

**ВКУПНО:** НИ +СУ +СА +ОР = 88 + 30 = **118**